Врз основа на член 24 став 1 алинеја 5 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија" бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19, 153/19, 92/21, 222/24 и 59/25), член 44 став 3 од Законот за општата управна постапка (Службен весник бр.124/15 и 65/18) а согласно Одлуката за распишување на Јавен тендер со јавно наддавање за доделување на Одобренија за користење на радиофреквенции од радиофреквенциските опсези 700 MHz, 1800 MHz и 3.x GHz (Службен весник на Република Северна Македонија број 145/2025), и согласно Молбата за продолжување на роковите поднесена од Оне Македонија Телекомуникации ДООЕЛ Скопје 0201-1103/31 од 20.11.2025, Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на 21.11.2025 година, донесе

**ОДЛУКА**

За продолжување на роковите предвидени во тендерска документација

**Член 1**

Се продолжуваат сите применливи рокови предвидени во тендерската документација за 96 дена.

**Член 2**

Се менуваат роковите од точка 15 од тендерската документација и тоа:

-краен рок за донесување на одлука за избор на најповолен понудувач е 12.01.2026 година;

-краен рок за доделување на Одобрение за користење на радиофрекфенции е 25.02.2026 година.

**Член 3**

Се менува точка 3 од тендерската документација и тоа:

Точка 3.1 гласи:

Операторот е должен да започне да ги користи радиофреквенциите определени во одобрението за користење на радиофреквенции до крајот на март 2027 година.

Точка 3.3 гласи:

Операторот што ќе добие одобрение за национално покривање е должен да ја обезбеди следната покриеност:

- До крајот на март 2027 година најмалку еден град да биде покриен со 5G сигнал,

- До крајот на март 2029 година, главните коридори согласно Договорот за основање на транспортна заедница на основната и сеопфатна патна мрежа во државата да бидат покриени со непрекинат 5G сигнал,

- До крајот на март 2031 година сите градови во државата да бидат покриени со непрекинат 5G сигнал и

- До крајот на март 2033 година, сите населени места во државата да бидат покриени со непрекинат 5G сигнал.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Член 5**

Оваа Одлука е конечна.

**Образложение**

Во согласност со Одлуката за распишување на Јавен тендер со јавно наддавање за доделување на Одобренија за користење на радиофреквенции од радиофреквенциските опсези 700 MHz, 1800 MHz и 3.x GHz (Службен весник на Република Северна Македонија број 145/2025), Агенцијата за електронски комуникации изработи Тендерска документација во која ги појасни сите услови од Одлуката за распишување на Јавен тендер со јавно наддавање, ги наведе критериумите за избор, како и дополнителната документација што мора да се обезбеди за понудите да се сметаат за прифатливи.

Согласно издадената Тендерска документација на ден 22.08.2025 година со почеток во 10:00 часот во просториите на Агенцијата за електронски комуникации се изврши јавно отварање на примената понуда за што е составен Записник број 0201-1103/24 од 22.08.2025 година од Комисјата за спроведување на постапката по Јавен Тендер со јавно наддавање.

На 27.08.2025 година Комисијата за спроведување на Јавен тендер со јавно наддавање изврши разгледување на понудата која ја содржи комплетната документација за што е изготвен Извештај од извршено разгледување на понуди број 0201-1103/26 од 27.08.2025 година во кој е констатирано дека единствен понудувач е Оне Македонија Телекомуникации ДООЕЛ Скопје со поднесена понуда со архивски број 0805-1103/23 од 20.08.2025 година.

Од увидот во доставените документи, Комисијата констатира дека сите документи ги исполнуваат условите пропишани во Тендерската документација и се согласно закон.

Бидејќи беше доставена само една понуда, во согласност со член 140 став (4) од Законот за електронските комуникации, Директорот во рок од три дена од денот на приемот на Извештајот од комисијата за спроведување на јавниот тендер со јавно наддавање донесе Одлука број 0201-1103/28 од 29.08.2025 година со која постапката по јавниот тендер со јавно наддавање заврши.

Имајќи предвид дека во член 140 став (5) од Законот за електронските комуникации е предвидено дека *„Директорот на Агенцијата во рок од десет дена од денот на донесувањето на одлуката од ставот (4) на овој член ќе донесе одлука за издавање на одобрение за користење на радиофреквенции на квалификуваниот понудувач од ставот (4) на овој член"*., но со оглед дека од 09.08.2025 година Претседателот на Собранието на Македонија распиша локални избори кое е донесено во согласност со Изборниот законик и Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси во кое покрај останатото е наведено дека **не може да се оттуѓува државен капитал**, сите натамошни рокови се стопираа.

Во поднесеното Барање за продолжување на роковите поднесено од Оне Македонија Телекомуникации ДООЕЛ Скопје 0201-1103/31 од 20.11.2025, се повикуваат на прекин на постапката заради изборниот процес и тоа во вкупен период од 96 дена (од 09.08.2025 до 12.11.2025 година), и врз основа на член 44 став 3 од Законот за општата управна постапка (Службен весник бр.124/15 и 65/18) каде е предвидено дека "рокот што го определил овластеното службено лице, како и рокот определен со прописите за кои е предвидена можност за продолжување, може да се продолжи по молба од заинтересираното лице поднесена пред истекот на рокот, ако постојат оправдани причини за продолжување", бараат да се продолжат сите рокови за 96 дена.

Согласно ЗЕК, и согласно одлуката за завршување на изборите од 12.11.2025г., роковите предвидени во тендерската документација продолжуваат да течат.
Имајќи го во предвид член 44 став 3 од Законот за општата управна постапка, и согласно Барањето за продолжување на роковите, истите треба да се поместат за онолку колку што траел прекинот односно сметано од денот на објавување на изборите 09.08.2025 до денот на носење на одлуката за завршување на изборите 12.11.2025, односно 96 дена, па така наместо 08.10.2025 рокот се продолува за 96 дена односно до 12.01.2026 година, односно 21.11.2025 година се продолжува за 96 дена и ново предвидениот рок е 25.02.2026 година.

Согласно законските одредби и имајќи ги во предвид сите погоре наведени аргументи Директорот на Агенцијата донесе Одлука како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука е дозволена тужба до Управниот суд на Република Северна Македонија во рок од 30 дена од денот на приемот на истата.**

Директор
Jeton Akiku

Наш број 0201-1103/33
Скопје, 21.11.2025